ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и

д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

ПОВЕРЕНИК: д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје, март 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед дека инфраструктурните објекти се значајни за целокупниот развој на Република Северна Македонија, а со цел побрзо односно навремено довршување на изградбата на стратешкиот проект (Инфраструктурниот коридор 8 и Инфраструктурниот Коридор 10 д) се оцени за неопходно скратување на дел од процедурите при исплаќање на средствата за обезбедените услуги и работи поврзани со нивната изградба, поради што се оцени за неопходно донесување на измени на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница:Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основни цели на Предлогот на закон за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница:Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија е поедноставување и скратување на процедурите за исплаќање на средствата кон Стратешкиот партнер, со цел да се забрза целата постапка за изградба на започнатиот објект од јавен интерес - Инфраструктурниот Коридор 8 и Инфраструктурниот Коридор 10д.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија не предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на Законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР –БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА –ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП –БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница:Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 163/21, 111/23 и 255/24) во член 5 ставот (1) се менува и гласи:
„Финансиските ресурси за спроведување на Проектот, како и работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот заеднички или одделно, се обезбедуваат од инвеститорот.".
Ставот (2) се брише.
Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:
„(2) Исплатата на финансиските ресурси за спроведување на Проектот, како и на работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот наведени во ставот (1) на овој член ќе се врши на стратешкиот партнер во согласност со применливите закони.".
Ставот (4) станува став (3).

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2026 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР –БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА –ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 Д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП –БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија е систематизиран во 2 члена.

Со членот 1 се изменува членот 5 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, во однос на поедноставување и скратување на процедурите за исплаќање на средствата, така што истите се предвидува директно да се исплаќаат од страна на инвеститорот кон стратешкиот партнер, со цел да се забрза целата постапка за изградба на започнатиот објект од јавен интерес -Инфраструктурниот Коридор 8 и Инфраструктурниот Коридор 10д.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон, како и негова одложна примена од 1 јуни 2026 година.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија пред се ќе се овозможи забрзана и квалитетна изградба на започнатиот објект од јавен интерес (Инфраструктурниот Коридор 8 и Инфраструктурниот Коридор 10д) кој е во интерес на Република Северна Македонија и граѓаните на Република Северна Македонија и со тоа на долг рок ќе се  овозможи економски развој и напредок во соодветните области од општественото живеење.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС И НОМИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ КОРИДОР 8 (ДЕЛНИЦА: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ПРОЕКТОТ ЗА АВТОПАТОТ ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА –ЌАФАСАН) И КОРИДОРОТ 10 Д (ДЕЛНИЦА НА АВТОПАТОТ ПРИЛЕП –БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

IV. НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ И ПЛАЌАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДЕНИТЕ УСЛУГИ И РАБОТИ

Член 5

(1) Финансиските ресурси за спроведување на Проектот, како и работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот заеднички или одделно, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за транспорт и врски во форма на трансфер до Инвеститорот или од кој било друг извор во согласност со важечките закони.
(2) Владата, на предлог на Јавното претпријатие за државни патишта, по прием на претходно мислење од Министерството за транспорт и врски, донесува годишна програма во врска со ресурсите наведени во ставот (1) на овој член.
(3) Исплатата на финансиските ресурси наведени во ставовите (1) и (2) на овој член за спроведување на Проектот ќе се врши на стратешкиот партнер во согласност со применливите закони, односно за работите поврзани со експропријацијата во врска со спроведувањето на Проектот ќе се врши на инвеститорот во форма на трансфер преку Министерството за транспорт.
(4) Исплатите на Стратешкиот партнер за реализација на Проектот ќе бидат извршени во денари или евра или на нерезидентска сметка на Стратешкиот партнер во локална комерцијална банка во Република Северна Македонија или на сметка на Стратешкиот партнер во странска комерцијална банка или во денари на резидентска сметка на Стратешкиот партнер во локална комерцијална банка.